Арх. Бр.0207/118
17.03.2023 година

ЈАВЕН ОГЛАС за член на Управен Одбор

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за вршење на сметководствени работи, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (Службен весник број 173 од 01.08.2022 година), на ден 17.03.2023 година објавува Јавен оглас бр.0207/118 од 17.03.2023 година за избор на член на Управен одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија.

Кандидатот треба да ги исполнува следните услови:

(1) има работно искуство како сметководител или овластен сметководител од најмалку пет последователни години до денот на поднесување на кандидатура;

(2) е во редовен работен однос и има поднесено програма за работа и развој на Институтот за четиригодишниот мандат;

(3) да не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност и

(4) да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

Сите заинтересирани кандидати кои ги исполнуваат горенаведените услови, во рок од 8 дена, сметано од денот на објавувањето на овој Јавен оглас, до архивата на Институтот на ул. Кеј 13ти Ноември кула 2/8 Скопје, (помеѓу 8 и 16 часот) да ги достават следните документи:

- CV за кандидатот;
- Уверение за сметководител/овластен овластен сметководител за кандидатот издадено од Институтот;
- Оригинал документ за вработувања и работни места од Агенција за вработување (АВРСМ) со кој се докажува бројот на години стаж,
- Документ за потврда за редовен работен однос;
- Доказ дека кандидатот не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност,
- Потврда издадена од Централен регистар на Р.С.М. за евидентирани податоци за изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, должност или дејност;
- Програма за работа, план за активности и главни цели.

Исполнетоста на критериумите за учество во изборот на член на Управен одбор на Институтот ќе биде утврдена од страна на Комисијата од член 72 од Законот. По спроведената постапка за исполнетост на критериумите, кандидатите ќе бидат навремено писмено известени дали ги исполнува критериумите за учество за избор на член на Управен одбор на Институтот.

Во самата апликација, кандидатот задолжително да наведе дека аплицира за член на Управениот одбор на Институтот.

Институтот на сметководители
и овластени сметководители
ВД-Претседател:

Весна Прентоска